**Коалиција Сите за правично судење**

# Неразјаснети прашања

**(Предмет “Труст”)**

**Декември, 2017**

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**
Дарко Аврамовски, правен советник

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

**НЕРАЗЈАСНЕТИ ПРАШАЊА**

Во предметот „Труст“, заведен под број К.бр.1459/17, започнат од Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (СЈО), по поднесен обвинителен акт против 3 лица за кривично дело „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од член 275-в став 3 в.в став 1 од Кривичниот законик на Република Македонија, и обвинителен предлог против 3 правни лица за кривичното дело „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од член 275-в ст.4 в.в ст.3 вв ст.1 од Кривичниот законик на Република Македонија и овој пат на рочиште за главна расправа присуствуваше набљудувач на Коалицијата Сите за правично судење.

Расправата по предметот „Труст“ одржана на 22.12.2017г., продолжи во фаза на доказна постапка со вкрстено испитување на вештак. Вкрстеното испитување на ова рочиште се одвиваше значително подобро и од аспект на поставуваните прашања од одбраната, нивната форма и содржина, така и од аспект на грижата на судот за дозволеноста на прашањата, па така, овој пат судот не замеруваше на користењето на одредени прашални зборови при поставувањето прашања, а реагираше само по претходно вложен приговор.

Пред да се премине на изведувањето на материјалните докази (во конкретниов случај CD со аудио снимки), одбраната реагираше и истакна дека иако ги добиле останатите докази предложени од СЈО, сепак ги немаат добиено снимките и транскриптите, туку имале можност само да ги разгледаат транскриптите од разговорите. По ова повторно настана дебата помеѓу учесниците во процесот во врска со начинот на запознавањето на одбраната со доказите, како и за еднаквоста на оружјата.



На дебатата и следеше пауза, по чие завршување, судот им даде копии од транскриптите на бранителите и обвинетите, но не и снимките со разговорите, повикувајќи се на фактот дека обвинетите и бранителите биле повикани неколку пати во СЈО за да се запознаат со доказите, а истите имале можност да се запознаат со доказите и во судот. Понатаму, судот своето постапување дополнително го образложи и со фактот дека „дискот со снимките е доказ чија содржина е подложна на измени“, по што беа изведени аудио снимките како доказ на обвинителството.

Она што за јавноста остана како загатка во конкретниот случај беше:

1. Зошто не и беше дадена копија од снимките на одбраната, односно зошто не беше искористено правото од членот 250 став 2 од ЗКП кој вели:„ Во однос на снимката се постапува како и со другите предмети кои можат да се употребат како доказ, водејќи сметка да не се оштети или уништи и да се сочува нејзината содржина во неизменет облик. **По потреба ќе се преземат потребни мерки за да се зачува снимката во неизменет облик или да се изработи нејзина копија**.“
2. Дали има изготвено вештачење на аудио снимките со кое би се потврдила нивната автентичност, особено доколку се земе предвид фактот дека самиот суд аргументираше со фактот што содржината на снимките е подложна на промени?
3. Зошто лицата чии гласови (наводно) се слушаат на снимката не учествуваат во постапката ниту како обвинети, ниту како сведоци, ниту како оштетени?

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје